РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 09-796/1
18-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, одржана на ден 12 февруари 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот 09 – 4599 од 2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-4599/1 од 02.10.2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека постоење судир на интереси и нерегуларности во постапки за избор во звање асистент за лицата -------------- и ---------------------- на Универзитетот ----------------- не се потврдени.

Предметот со број 09-4599/1 од 02.10.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4599/1 од 02.10.2019 година е оформен врз основа на пријава добиена од електронска пошта – ------------------- со наводи дека лицето --------------- е избрана за асистент на Машинскиот факултет при Универзитетот -------------- во април 2017 година, а притоа нејзината мајка ---------------е професорка на истиот Универзитет, а од септември 2011 година до септември од 2019 година ја извршувала функцијата декан на Технолошко – техничкиот факултет, при истиот Универзитет. Понатаму е наведено дека овој акт на вработување на ќерка на универзитет каде декан е нејзината мајка е спротивно на одредбите од Законот за високо образование, и на стариот закон, но и на важечкиот Закон за високо образование.

Во однос на одбрана на докторска дисертација на лицето --------------- на Факултетот за информатика при Универзитетот ---------------, во пријавата има наводи дека целокупната процедура за одбраната ја води неговиот татко -------------- и сите одлуки се потпишани од истото лице, кој пак бил претседател на совет на трет циклус студии на Кампус 2, каде ------------------ ја процесуира целата постапка за одбрана на неговата докторска дисертација.

Заради утврдување на наводите од пријава, Државната комисија побара од Државниот просветен инспекторат да изврши инспекциски надзор согласно член 8 од Законот за просветна инспекција:

- над постапката за избор за асистент на Машинскиот факултет при Универзитетот ------------------ за лицето ----------------,
- над постапката за избор за асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот ---------------- за лицето --------------------.
- над процедура за одбрана на докторска дисертација на лицето ------------------- на Факултетот за информатика при Универзитетот ------------------.

Од доставениот допис од Државниот просветен инспекторат се констатира дека на 19.11.2020 година е извршен вонреден инспекциски надзор во Универзитетот „----------------- и за тоа е составен записник за извршен вонреден инспекциски надзор со бр. 09-1673 од 23.11.2020 година. Извршениот надзор ги опфатил постапките за избор за асистент докторанд на Машинскиот факултет при Универзитетот --------------- за лицето -----------------, постапката за избор за асистент докторанд на Електротехничкиот факултет при Универзитетот -------------- за лицето ---------------- и одбрана на докторска дисертација на лицето ---------------- на Факултетот за информатика при Универзитетот --------------. Државните просветни инспектори ----------- и ------------ изготвиле детален извештај за спроведените постапки кој е доставен до Државната комисија и констатирале дека нема нерегуларности и пропусти во работата на Универзитетот -------------- во однос на наводите во поднесената пријава за постоење на сомневање за судир на интереси и нерегуларности во постапките за избор во асистент за лицата -------------- и -------------- на овој универзитет. Имено согласно одредбите од член 4 од Статутот на ------------ како и член 60 став 6 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 година) се наведува дека: „на иста единица на универзитетот не може да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен." Во конкретниот случај -------------- со Одлука бр.2202-73/10 од 08.05.2017 година е избрана за асистент-докторанд на научна област Организација на технолошки процеси и операциони истражувања на Машински факултет, додека нејзината мајка е избрана со Одлука бр. 0201-890/4 од 16.10.2017 година за избор во звање редовен професор на наставно-научна област „Композитни материјали и полимерни материјали" на Технолошко – техничкиот факултет на истиот универзитет. Додека лицето -------------- со Одлука бр. 1802-70/3 од 18.04.2017 година е избран во звање асистент докторанд на Електротехничкиот факултет на наставно-научно подрачје на Технолошко – техничкиот

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

факултет, наставно-научни области „Компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси" и „Развивање на експертски системи", додека неговиот татко е избран со Одлука со бр. 0202-237 од 16.10.2002 година за избор во звање редовен професор за наставно-научна област „Наоѓалишта на минерални суровини" на Рударско-геолошкиот факултет на истиот универзитет. Во однос на наводите дека целокупната процедура за одбраната на докторската дисертација ја водел неговиот татко -------------------- и дека сите одлуки се потпишани од него, од прегледот на доказната документација, Државниот просветен инспекторат констатирал дека --------------------, татко на ----------------, нема потпишано ниту еден документ во текот на студирање и завршување на докторските студии на ---------------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk